АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 03-06. 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2206 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт- импорт Тетово

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2020 до 31.12 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 јуни 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одредено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

- **Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

  (Во согласнот со член 91 став 3 од Законот, во член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, е предвидено дека - телевизиските програмски сервиси кои за прв пат ќе добијат дозвола за телевизиско емитување на државно ниво по стапувањето на сила на овој Правилник (6 декември 2014 година), обврската за застапеност на европски аудиовизуелни дела, ја исполнуваат прогресивно, во период од 5 години, така што: првата година процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да изнесува најмалку 10%, а во втората, третата и четвртата година, процентот на застапеност на европски аудиовизуелни дела треба да се зголемува по најмалку 10% годишно, а петтата година треба да биде најмалку 51%).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, дозволата за радиодифузно емитување како сервис со претежно забавен општ формат ја има добиено на 28 февруари 2017 година. Оттаму, изминатата 2020 година, беше трета година од добиената дозвола и затоа обврската за емитување европски аудиовизуелни дела во 2020 година, согласно Правилникот, изнесуваше 30%.

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт – импорт Тетово, емитуван на државно ниво, беше констатирано дека во текот на 2020 година, ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, најмалку 30% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1429/1 од 31.03.2021 година, 03-1429/2 од 23.04.2021 година, 03-1429/3 од 06.05.2021 година, 03-1429/4 од 27.05.2021 година и 03-1429/5 од 28.05.2021 година), беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт- импорт Тетово, во текот на 2020 година има емитувано **84.01%** европски аудиовизуелни дела.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***